Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на активностите согласно оперативните планови за 2025 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325- Жени, мир и безбедност, 2020 – 2025 стратегиска рамка**

**Април, 2026 година**

**СОДРЖИНА:**

**I. ВОВЕДЕН ДЕЛ** .......... 4

**II. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА** .......... 4

**II.1. Стратегиска цел 1 Лидерство - Транспарентност при изборот, задржувањето и унапредувањето на лидерските позиции, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и мажите.** .......... 4
Министерство за одбрана .......... 4
Министерство за внатрешни работи .......... 8
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија .......... 9
Министерство за социјална политика, демографија и млади .......... 9
Министерство за финансии .......... 9

**II.2. Стратегиска цел 2 Вклученост - Транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите** .......... 10
Министерство за одбрана .......... 10
Министерство за внатрешни работи .......... 11
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија .......... 12
Министерство за социјална политика, демографија и млади .......... 12

**II.3. Стратегиска цел 3 Олеснување - Одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите.** .......... 13
Министерство за одбрана .......... 13
Министерство за внатрешни работи .......... 15
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија .......... 15
Министерство за социјална политика, демографија и млади .......... 15
Центар за управување со кризи .......... 15

**II.4. Стратегиска цел 4 Заштита - Обезбедување сеопфатна и ефективна заштита на жените и на мажите.** .......... 15
Министерство за одбрана .......... 15
Министерство за внатрешни работи .......... 16
Министерство за социјална политика, демографија и млади .......... 18
Министерство за правда .......... 18
Министерство за здрвство .......... 19

**II.5. Стратегиска цел 5 Комуникација, образование и обука - Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за агендата Жени, мир и безбедност** .......... 20
Министерство за одбрана .......... 20
Министерство за внатрешни работи .......... 23
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија .......... 25
Министерство за социјална политика, демографија и млади .......... 25

Министерство за образование и наука........................................................................ 26
Министерство за здрвство.......................................................................................... 28
Центар за управување со кризи .................................................................................. 28
Дирекција за заштита и спасување............................................................................. 29
Здружение на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)................................................ 29

**III. ЗАКЛУЧОК** ......................................................................................................... 30
**IV. ПРЕДИЗВИЦИ**.......................................................................................................... 30
**V. ПРЕПОРАКИ**.......................................................................................................... 31

**ПРИЛОЗИ:**

Прилог бр.1: Приказ на процентуална застапеност на жени и мажи по институции во 2025 година.................................................................................................................. 33

Прилог бр.1: Приказ на процентуална застапеност на жени и мажи на раководни позиции по институции во 2025 година........................................................................................ 34

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на активностите согласно оперативните планови за 2025 година за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325- Жени, мир и безбедност, 2020– 2025 стратегиска рамка**

## I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Работната група за координација, мониторинг и евалуација за имплеменатција на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка (РГ за КМиЕ) го изработи Петтиот и воедно последен годишен извештај за степенот на реализација на активностите согласно оперативните планови за имплементација на Вториот НАП, кој се однесува за реализирани активности во 2025 година. Работната група е задолжена да спроведува координација со институциите на национално и локално ниво со цел верификација, хармонизација и поддршка, како и да врши мониторинг и евалуација, сублимирање на извештаи од задолжените институции.

## II. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Вториот Национален акциски план за Резолуцијата на ОН 1325 -Жени, мир и безбедност, се имплементира согласно активностите проектирани во оперативните планови за 2025 година од страна на задолжените институции а во насока на исполнување на 5-те стратегиски цели дефинирани во Вториот НАП:

1. Лидерство,
2. Вклученост,
3. Олеснување,
4. Заштита, и
5. Координација, образование и обука,

**II.1. <u>Стратегиска цел 1 Лидерство-</u>**Транспарентност при изборот, задржувањето и унапредувањето на лидерските позиции, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

Во текот на 2025 година беа реализирани настани и активности кои што беа во насока на исполнување на првата стратегиска цел во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

**Во делот на специфична стратешка цел 1.1**–Зголемување на бројот на жените на лидерски позиции во одбраната, евидентирани се активности кои што покажуваат резултати на зголемено учество на жените на лидерски позиции во одбраната, надминување на стереотипи и предрасуди, како и имплементација на родовиот принцип во системот за развој на кариерата на лидерите, истакнуваме дека:

-Во март 2025 година, по повод Меѓународниот ден на жената, четири припаднички од Армијата на Република Северна Македонија остварија средба со Претседателката на државата, г-ѓа Гордана Сиљановска-Давкова. На средбата беа споделени искуства за придонесот што го остваруваат жените во Армијата преку нивната професионалност, посветеност и истрајност во извршувањето на задачите. При тоа беше потенцирана потребата од нивна поголема застапеност во структурата на Армијата.

Претседателката истакна дека во сите тела што ги формирала го применила начелото на паритетна застапеност, не од материјални побуди, туку заради тоа што не сака да се запостават знаењето, смиреноста и мудроста кои што ги носат жените.

Во контекст на горе наведеното, претседателката истакна дека: „Треба да ги еманципираме мажите за да ги прифатат жените како рамноправни, оти досега светот беше машки и го видовме резултатот. Верувам дека промените се нераскинливо врзани за женската одлучувачка улога, која што умее да ги пренасочи општествените текови, ставајќи женски печат! “

Соговорничките се согласија дека силата на Армијата е во единството, во синергијата меѓу мажите и жените, а родовата рамноправност дополнително ќе го зајакне високиот углед на Армијата.

-На 31 октомври 2025 година во Скопје-Северна Македонија беше одржана конференција за одбележување 25 години од усвојувањето на Резолуцијата на ОН 1325 - Жените, мирот и безбедност – историска заложба која ја признава клучната улога на жените во спречување конфликти, градење мир и обликување на безбедноста во светот на која учествуваа Претседателката на државата, г-ѓа Гордана Силјанаовска-Давкова, Министерот за одбрана, г-дин Владо Мисајловски и претставници/чки од Министерство за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија

На настанот свое обраќање имаше министерот за одбрана, а претставници/чки од Министерство за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија беа говорници на вториот панел-Женско лидерство во процесите на одлучување за мир и безбедност.

Настанот беше организран од страна на канцеларијата на UN Women во Северна Македонија и министесрството за одбрана на Република Северна Македонија.

На настанот присуствуваа претставници/чки од Владата, дипломатскиот кор, институциите за одбрана и безбедност, како и меѓународните партнери, за заеднички да ја реафирмираат посветеноста на унапредување на женското лидерство во процесите на одлучување за мир и безбедност.

Преку две инспиративни панел-дискусии, амбасадори и високи претставници дискутираа како земјите ја спроведуваат агендата за Жени, мирот и безбедноста – од учество на жените во мировните мисии, до нивното лидерство во одбраната и справувањето со кризи.

Настанот заврши со заеднички повик на акција: да се претвори наследството на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност во трајна промена, осигурувајќи дека гласот, лидерството и отпорноста на жените ќе останат во сржта на мирот и безбедноста во Северна Македонија и пошироко.

-Учество на Координаторкта на РГ за КМиЕ на Втор НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, стратегиска рамка 2020-2025, како претставничка од Министерство за одбрана, на конференцијата „Родовата еднаквост во фокусот на пристапувањето кон Европската Унија: Патоказ за Северна Македонија“ што се одржа на 12 декември 2025 година во хотел Лимак, Скопје-Северна Македонија. Претставничката од Министерство за одбрана учествуваше како панелист на четвртиот панел- Партнерства за инклузивен пристап кон ЕУ.

Конференцијата беше организрана од страна на канцеларијата на UN Women во Северна Македонија и Министсрството за европски прашања на Република Северна Македонија.

На конференција присуствуваа претставници/чки од владини институции, Европската Унија, граѓанското општество, академските институции и развојните партнери за да истражат како родовите перспективи можат систематски да се интегрираат во текот на целиот процес на пристапување на Северна Македонија во Европската Унија.

Дискусиите имаа за цел:
-Да се истакне напредокот во интегрирањето на родовата еднаквост во рамките на пристапувањето кон ЕУ;
-Презентирање на клучните наоди од анализите на родовиот јаз во сите поглавја од преговорите;
-Зајакнување на дијалогот за институционална координација и реформа на политиките; и
-Дефинирање на практични препораки за вградување на механизми за родова еднаквост во структурите за пристапување кон ЕУ.
Главна порака на настанот беше дека Северна Македонија треба да развие сеопфатен патоказ за родово-одговорен процес на пристапување во ЕУ, усогласен со европските стандарди за родовата еднаквост, да биде систематски вградена, финансирана и следена во текот на целиот пристапен процес во сите институции како стратешка инвестиција во подобро управување, одржлив развој и инклузивно општество.

**Во специфична стратешка цел 1.2**–Зголемување на бројот на жените лидери во мировни мисии, регионални и меѓународни организации и одбранбено дипломатските претставништва:

-Министерството за одбрана во последните две децении континуирано упатува персонал во меѓународни мисии и други меѓународни организации во странство, а при планирање на мисиите и при донесување на одлуки се зема предвид и родовата перспектива.

Процентот на жени-воен персонал од Армијата кои се упатени во меѓународни мировни мисии надвор од Република Северна Македонија во 2025 година изнесува 3,32%.
Во долу наведената табела се прикажани проценти на упатени жени од Армијата на Република Северна Македонија во меѓународни мисисии во период од 2021 до 2025 година, при што може да се воочи дека процентите варираат а тоа е резултат на повеќе фактори (како на пример: завршување на времетраењето на дел од меѓународните мисисии, промена на вкупна бројка на персонал кој што учествува во меѓународните мисисии, карактерот на мисијата и сл.)

| Упатен персонал од Армијата во меѓународни мисии | 2021 година | 2022година | 2023 година | 2024 година | 2025 година |
|---|---|---|---|---|---|
| жени | 6,5% | 2,78% | 4,62% | 1,91% | 3,32% |

Од Министерството за одбрана вкупно 3 жени се упатени на работа во Командата на НАТО во Брисел, Белгија и постојаната мисија при ОБСЕ во Виена, Австрија.

**Во специфичната стратешка цел 1.3** - Зајакнување на капацитети на жени за лидерски позиции, го истакнуваме следното:

Министерството за одбрана ја препознава клучната улога за зајакнување на моќта на жените во општеството и се води од пристапот за исполнувањето на нашата меѓународна обврска кон Резолуцијата на ОН 1325 и агендата за Жени, мир и безбедност.

Во текот на 2025 година една жена беше упатена на Командно штабна академија во странство и две жени беа упатени на Командно штабна академија на Воената академија „Михајло Апостолски" во Скопје, што е предуслов за кариерен развој, односно поставување на одлучувачки позиции во МО и Армијата.

Жени вработени во Министерстото за одбрана се застапени со вкупно 34% (сите категории), а на раководни позиции (категорија Б) се застапени со 49%.

Вкупна застапеност на жените во Армијата е 12,14 %, што е највисок процент до сега, а по категории состојбата е следна:

- жени офицери 22,79%,
- жени подофицери 11,70%,
- жени професионални војници 7,49% и
- жени цивилни лица 23,17%.

Од компаративниот преглед на застапеност на жени по категории во Армијата на Република Северна Македонија за период од 2021 до 2025 година, може да се забележи дека постои тренд на растење на вкупната бројка на жени во Армијата, а најголем растечки тренд има во категоријата на жени офицери на служба во Армијата на Република Северна Македонија.

| **ЖЕНИ во Армијата** | **2021 година** | **2022 година** | **2023 година** | **2024 година** | **2025 година** |
|---|---|---|---|---|---|
| офицери | 16,54% | 18,08% | 18,85% | 21,67%, | 22,79%, |
| подофицери | 10,98% | 11,67 % | 12,01% | 11,99%, | 11,70%, |
| професионални војници | 5,54% | 5,86 % | 6,35% | 7,04% | 7,49 % |
| цивилни лица | 33,99% | 30,15% | 29,78% | 26,78%. | 23,17 %. |
| **ВКУПНО:** | **10,15%** | **10,60%,** | **11,23%** | **11,99%** | **12,14%** |

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Во рамки на специфичната стратешка цел 1.1:** Еднакви можности за лидерство за жените и мажите на сите нивоа во Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: МВР) и Бирото за јавна безбедност (во понатамошниот текст: БЈБ), особено во процесот на донесување на одлуки на стратешко, оперативно и тактичко ниво.
Во текот на 2025 година спроведени се неколку обуки кои се од значење за предметната специфична стратешка цел:
-Обука за програма за лидерство наменета за меѓународни посетители која е одржана во август 2025 година во САД, организирана од страна на Амбасадата на САД и на која има учествувано еден вработен од МВР.
-Регионален курс за стратешко лидерство во рамки на соработката на земјите од Австрија и Западен Балкан во Грац форма, кој е одржан во септември 2025 година во Сараево, Р. Босна и Херцеговина, организирана од страна на Министерството за одбрана во рамки на соработката на земјите од Австрија и Западен Балкан во Грац формат, на кој учествуваа двајца вработени од МВР.
-Регионален курс за стратешко лидерство одржан во октомври 2025 година во Подгорица, Р. Црна Гора, организиран од страна на МВР на Р. Црна Гора, на кој учествуваа двајца вработени од МВР.
-Стручно усовршување за лидерство на висок ранг во ноември 2025 година во Сингапур, во организација на Интерпол, на кој учествуваше еден вработен од МВР.
-Конференција за моќ и влијание на жените во развојот на полицијата одржана во ноември 2025 година во Белград, Р. Србија, во организација на МВР на Р. Србија, на која учествуваше еден вработен од МВР.

**Специфична стратешка цел 1.2:** Заштита од вознемирување на работно место:

-Од страна на надлежната работна група донесен е Правилник за заштита од вознемирување на работно место бр.1311-134758/1 од 19.12.2025 година, а чија примена ќе овозможи да се воспостават механизми за заштита од вознемирување на работното место во МВР.

**Специфична стратешка цел 1.3:** Родова еднаквост при селекција и испраќање на учесници во меѓународни цивилни и мировни мисии.

-Оваа активност е рализирана со донесување на Правилникот за начинот на избор на полициски службеник кој се упатува на работа во странство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/25).

**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија-МНРиНТ**

Во насока на афирмација и континуирано унапредување на родовата перспектива во рамки на втората фаза од проектот поддржан од Владата на Обединетото Кралство за зајакнување на националните НАТО капацитети, во февруари 2025 година, од страна на британска советничка а на барање на МНРиНТ, беше подготвен документ - Policy Paper со препораки и насоки за понатамошна имплементација на агендата за Жени, мир и безбедност во Република Северна Македонија. Документот се надоврзува на заклучоците од Работилницата за Жени, мир и безбедност, која во рамки на истиот проект беше одржана во МНРиНТ во декември 2024 година.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

**Во рамки на специфичната стратешка цел 1.1.**: Вклучување на жените на лидерски позиции, воспоставен е механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците.

Во 2025 година донесен е Годишен план и програма за работа на Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2026 година.

Изработена е  Среднорочна евалуација на Стратегијата  за родова еднаквост 2022-2027.

Донесен е Национален акциски план за родова еднаквост 2025-2027, согласно Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година.

**Министерство за финансии-МФ**

Согласно годишниот оперативен план за имплементација на вториот НАП, како континуирана активност на Министерството за финансии е следењето на состојбата и статистиката на родово разделените податоци.
Министерството за финансии редовно, на месечна основа, врши анализа на податоците на родовата застапеност по категории, врз основа застапеност на жените и мажите на раководни позиции како и по однос на останатите индикатори. Во контекст на соодносот на родовата застапеност на раководни позиции во 2025 година нотирана е предност на процентуалната застапеност на жените, односно истата се движи помеѓу 66% и 67% во однос на процентот на застапеност на мажите.

Со посебна важност е усвојувањето на Законот за буџети од страна на Собранието на РСМ (Објавен во службен весник бр.203/2022 од 19.09.2022 година). Во одредбите од истиот се дефинирани родово буџетирање, родово одговорниот буџетски извештај и родовите индикатори, како и обврската на буџетските корисници да се вклучат во буџетскиот циркулар на родово одговорните индикатори како алатка за следење и мерење на напредокот кон постигнување на родово одговорните цели. Од тука произлегува обврската на буџетските корисници при предлагање на нови прописи или акти насочени кон унапредување на родовата еднаквост да доставаат пополнета родово буџетска изјава со вклучување на збирен преглед на родовите буџетски извештаи во предлог-буџетот на

државата од каде што произлегува и обврската на Министерството за финансии, со завршна сметка да достави извештај за родово одговорни индикатори, постигнати цели и резултати, преку што директно се зајакнува принципот на родова еднаквост. Согласно Законот за буџети, донесен е Правилник за формата и содржината на родово одговорната буџетска изјава (Службен весник на Република Северена Македонија бр.22/25).

**II.2. <u>Стратегиска цел 2 Вклученост</u> -** Транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

**Во рамки на стратегиска цел 2 –** Вклученост, која се однесува на транспарентност и вклучување во општеството, почитувајќи го принципот на еднакви можности на жените и на мажите, Министерството за одбрана овозможува одржлива и ефективна застапеност на жените на сите позиции во институцијата вклучувајќи ја и Армијата, поддржана од соодветни усвоени и имплементирани законски и подзаконски акти, политики, стратегии, процеси, овозможени услови за обука и образование. Со еднаквото вклучување на жените и на механизмите кои ја овозможуваат нивната вклученост се почитуваат и потврдуваат човековите права.

Во контекст на наведеното, истакнуваме дека во март 2025 година, по повод Меѓународниот ден на жената, офицерот за родова еднаквост од Кабинетот на Началникот на Генералштабот на Армијата, гостуваше во емисија во живо на националниот сервис-Македонско радио и телевизија во емисијата „Програма на градовите“.

При тоа, офицерот за родова еднаквост накратко го опиша својот професионален развој исполнет со предизвици, активностите во кои се вклучени Армијата и министеротството за одбрана, во делот на родовата еднаквост и имплементација на родовата перспектива во своите редови, како и за тоа дека покрај напредокот, жените во Армијата се уште не се подеднакво застапени во сите единици.

**Во делот на специфична стратешка цел 2.1 и 2.2 :** Вклучување на жените и мажите во одбранбените процеси и афирмирање на жените во одбраната, реализирани се следните активности за постигнување на дефинираните резултати:

-На Воената академија во учебната 2025/2026 година, запишани се 29% жени од вкупниот број на примените кандидати/-ки, што покажува зголемен процент во однсон на учебната 2024/2025 година кога беа запишани 22% жени.

-Во текот на 2025 година беа објавени и спроведени огласи за преим на офицери по служби во Армијата, од кои што 39% од вкупната бројка од примените кандидати беа жени.

-Во текот на 2025 година промовирани се одреден број на подофицери, поранешни професионални војници кои во Армијата ги докажаа своите способности, професионалност и мотивираност, од кои 8% се жени.

При тоа потенцираме дека при запишување питомци/питомки на Воената академија, како и во огласите за прием на професионални војници и цивилни лица на служба во Армијата, во конкурсите за стручно оспособување и усовршување на офицери по служби и др. има

посебен параграф со кој девојките и жените се охрабруваат да се пријавуваат, а исто така подетално се истакнати одредени специфични услови за прием на служба во Армијата кои треба да ги исполнат и мажите и жените.

-Во согласност со Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032 (Службен весник на Република Северена Македонија бр.91/23) и годишните планови и потреби искажани од Армијата, утврдено е развивање на родовата еднаквост во сите сегменти од работните процеси и во управувањето со човечките ресурси. Воедно, се спроведуваат активностите за популаризација и прием на воената професија, при што се почитуваат принципите на инклузивност и недискриминација.

Имено, во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија се применуваат бројни афирмативни мерки за привлекување персонал во одбранбениот систем, во согласност со План на активности за популаризација на воената професија заради привлекување персонал за служба во Армијата, при што во текот на 2025 година беа опфатени 99 средни училишта во општините на Република Северна Македонија. Активностите за популаризација на воената професија се спроведени од тимови составени од претставници од министерството и Армијата во кои беше застапен и родовиот принцип, односно во секој тим имаше и жени и мажи-припадници на Армијата. Преку видеоприлози се презентирани лични приказни и изјави за работни ангажмани во Армијата и во меѓународните мисии во странство, со цел да се препознае една привлечна професија со нови предизвици.

-На веб-страницата на Министерството за одбрана се наоѓа подпрозорецот „Биди дел од Армијата/ Биди офицер/ Биди војник“[1], кој што има за цел да ја популаризира воената професија. Подпрозорецот е активен во континуитет и се ажурира со нови информации во врска со актуелните огласи, документи потребни за пријавување, услови и критериуми за селекција. Покрај ова, има брошури за доброволно служење на воен рок, за професионален војник, за прием на офицери, фото-галерија и видео-прикази, односно мултимедијални пораки насочени кон популаризирање на воената професија. Исто така, информации за објавените конкурси за примање на нови кадри/питомци се дистрибуираат преку социјалните мрежи каде што Министерството за одбрана, Армијата и Воената академија се активно присутни – Facebook и Twitter.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Во рамки на специфична стратешка цел 2.1:** Интегрирање на родовата перспектива во обуките за персоналот деклариран за учество во меѓународни цивилни и мировни мисии:

-Реализирана е обука за цивилно воено управување со кризи, во декември 2025 година во Виена, Р. Австрија на која што учествуваше еден вработен од МВР.

---

[1] https://mod.gov.mk/mk-MK/armija/bidi-del-od-armijata

**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија – МНРиНТ**

На 24 јуни 2025 година беше одбележан Меѓународниот ден на жените во дипломатијата со соодветна објава на социјалните мрежи на МНРиНТ, со пораки за посветеноста на министерството за унапредување на положбата на жените во надворешната политика и дипломатијата.

Агендата за Жени, мир и безбедност е еден од приоритетите во рамки на активностите во НАТО. Во тој контекст, во јануари 2025 година, претставници од МНРиНТ/ПД на Република Северна Македонија при НАТО учествуваа на годишниот состанок на Специјални претставници за жени, мир и безбедност на НАТО во Брисел, во организација на Специјалната претставничка на Генералниот секретар на НАТО за Жени, мир и безбедност, г-ѓа Ирене Фелин. Цел на состанокот беше да се разгледаат областите кон кои треба да се фокусира Алијансата во натамошно имплементирање на агендата за Жени, мир и безбедност, градење на кохерентност меѓу националните капацитети и напорите на Алијансата за постигнување на главните цели на ревидираната политика на НАТО во оваа област како и поддршката на НАТО за унапредување на родовите перспективи при регрутација на нов персонал во сојузничките армиски сили.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

**Согласно стратешката цел 2.1.:** Подобрување на нормативната рамка за еднаквите можности и условите за родово одговорно буџетирање и Годишен план и програма за работа на Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2025 година, реализирани се обуки за родово одговорно буџетирање,:

-Обука за родова анализа на која учествуваа 19 административни службеници, од кои 16 беа жени и 3 мажи.;

-Обука за обучувачи за родово одговорно буџетирање на која учествуваа 11 административни службеници од кои 11 се жени;

-Обука за проценка на влијанието на регулативата ( родовите аспекти во проценката на влијанието на политиките и регулативата) наменета за вработените од Министерство за социјална политика, демографија и млади на кои учествуваа 16 лица, од кои 12 се жени и 4 мажи;

-Две обуки за основи и рамки на родовата перспектива во стратешкото планирање на кои учествуваа 46 лица од кои 41 жена и 5 мажи;

-Две обуки за мониторинг и евалуација на родово одговорни политики на кои учествуваа 42 лица од кои 38 се жени и 4 мажи;

-Обука за родова еднаквост и вклучување на родовата перспектива во секторските политики на кои учествуваа 16 лица од кои 2 мажи и 14 жени;

-Обука за родово одговорно буџетирање на кои учествуваа 22 лица од кои 3 мажи и 19 жени;

Исто така, во 2025 година беа изработени 22 родово одговорни буџетски изјави за 2026 година;

Во Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџети во текот на месец мај, јуни, јули и август 2025 година се одржаа 25 менторски сесии за родово одговорно буџетирање за институциите на централно ниво на кои што учествуваа 63 претставници, од кои 57 се жени и 6 мажи.

**II.3. Стратегиска цел 3 Олеснување** - Одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

**Во рамки на стратегиска цел 3** – Олеснување, која се однесува на одржливи и ефективни услови во поддршка на различните потреби на жените и на мажите, Министерството за одбрана во континуитет работи на процесите за интегрирање на родовата перспектива во законските и подзаконските акти, стратешки документи, програми и планови, а кои се во насока на исполнување на резултатите на **специфична стратешка цел 3.1**–Нормативно уредување за олеснување на работните ангажмани на жените во одбраната:

Согласно потпишаниот Договор (од 2022 година) за соработка помеѓу Министерството за одбрана и DCAF (Democratic Control of Armed Forces -Женевскиот Центар за управување со безбедносниот сектор) во 2023 година се отпочна со спроведувањето на процесот на родовата само-проценка (РСП) во Министерството и Армијата. Всушност, поцесот започна со прибирање на податоци во периодот мај–октомври 2023 година, од каде што произлезе прегледот и валидацијата на Извештајот од родовата самопроценка, како и изготвувањето на Родовиот акциски план во периодот јануари – март 2024 година.

За остварување на целта на РСП во Министерство за одбрана беше формирана Работна група со претставници од Министерството и Армијата и независни надворешни експертки. Работната група координираше, следеше и даваше поддршка на целокупниот процес на РСП.

Процесот на РСП (кој траеше од септември 2022 до март 2024 година) се одвиваше во четири фази, во согласност со Оперативниот динамички план, кој беше изготвен со цел систематизирање на процесот и предвидување на временската рамка, како и алоцирање на човечките ресурси потребни за успешно спроведување на процесот.

Како резултат на заложбите на министерството и Армијата за унапредување на родовата еднаквост на институционално ниво, се изработи Извештај за статусот на спроведување на родовата само-проценка од кој произлегоа конкретни препораки за унапредување на родовата еднаквост, кој е составен дел на Родовиот акциски план како втор краен продукт од целокупниот процес за унапредување на родовата еднаквост во Министерството и Армијата.

Во Министерството за одбрана формирана е работна група за спроведување на Родовиот акциски план, односно Акциски план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024-2028

година) кој содржи јасни насоки за понатамошните делување во областа преку преземање на конкретни чекори и активности.

-Во мај 2025 година беше организирана промоција на родовата самопроценка и Родовиот акциски план на Министерството за одбрана и Армијата за период 2024-2028 година, кои се изработени во соработка со DCAF и поддршка од Швајцарија, Шведска, Холандија и Европската Унија. Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост [2]се базира на наодите од родовата самопроценка која беше спроведена во период од ноември 2022 година до март 2024 година. Истиот предвидува конкретни мерки и активности за унапредување на родовата еднаквост во рамките на Министерството и Армијата во области како што се зајакнување на родовата структура, донесување на одлуки, професионален развој, обука, опрема, инфраструктура и организациска култура.

На промоцијата се обратија Претседателката на државата, г-ѓа Гордана Сиљановска-Давкова и Министеротот за одбрана, г-дин Владо Мисајловски при што потенцираа дека постои видлив напредок и позитивен тренд во застапеноста на жените во одбранбениот сектор. Воедно, обраќање имаа: амбасадорката на Кралството Шведска, г-ѓа Ами Ларсон Јаим и заменик-директорката на DCAF г-ѓа Беатрис Годефра, кои ја истакнаа важноста на родовата еднаквост.

На промоцијата присуствуваа и началникот на Генералштабот на Армијата, пратеници во Собранието, членови на дипломатскиот кор, вработени во одбраната и припадници на Армијата.

Во контекст на горе наведеното беше реализирана работилница за развој на рамката за мониторинг и евалуација на Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.Активноста се реализираше во периодот од 24-25.07.2025 година во Велес, на која што учествуваа 13 учесници од Министерсвото за одбрана и Армијата.

Целта на работилницата беше разбирање на клучните елементи и концепти во мониторингот, евалуацијата и известувањето врз основа на најдобрите меѓународни практики. Воедно, учесниците беа запознаени со начините на кои Министерството за одбрана на Холандија ги следело, оценувало и известувало за нивните родови активности. За време на работилницата од страна на DCAF беа ангажирани експертки – советници за родова еднаквост од Холандија, Канада  и Северна Македонија.

-Во инструкциите кои беа доставени од Министерството за одбрана до сите сектори и до Армијата, за изработка на Предлог буџет беше дадена насока за вклучување на родовата димензија при планирањето на буџетите.

[2] https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/rodova-ednakvost-mod-file-4GjO.pdf

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

Во рамки на **специфична стратешка цел 3.1:** Запознавање/разбирање на различните улоги и потреби на жените и мажите во општеството, спроведени се неколку активности:

-Конференција на тема „Жена во униформа“ која се одржа во ноември 2025 година во Тирана, Р. Албанија, во организација на Британска амбасада во Тирана, на која учествуваа тројца вработени од МВР.

-Обука за вовед во следење и евалуација на родово одговорни политики која се одржана во декември 2025 година во Скопје, а во организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади. На обуката учествувале четири вработени од МВР.

**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија – МНРиНТ**

Во рамки на Берлински процес се подготвуваше заедничка декларација за “Жени, мир и безбедност во безбедносниот сектор”, но текстот на декларацијата не беше финализиран и одобрен.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

Во рамките на **специфичната стратешка цел 3.1**.: Нормативно уредување за спречување на родово базирано насилство, подигната е професионалната свест и компетентност за спречување и заштита на насилство врз жените и семејно насилство кај професионалните структури, преку следното:

-Одржани се четири тридневни основни обуки за работа со жени - жртви на насилство и семејно насилство преку мулитисекторски пристап, за 106 стручни лица од 30 центри за социјална работа.

-Одржани се пет еднодневни обуки за мултисекторските тимови кои постапуваат во случаи на родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство, за 87 стручни лица од центрите за социјална работа, полициските службеници, здравствени работници и граѓански организации.

**Центар за управување со кризи – ЦУК**

Во текот на 2025 година во ЦУК донесени се и реализирани планови за инфраструктурни родови прилагодувања, во насока на градежни активности, односно реконструкција на објекти.

**II.4 <u>Стратегиска цел 4 Заштита</u> -** Обезбедување сеопфатна и ефективна заштита на жените и на мажите.

**Министерство за одбрана-МО**

Во рамки на **специфичната стратешка цел 4.1 и 4.2** – Унапредување на системот на поддршка и заштита на жените, кои претрпеле каков било облик на загрозување на

безбедноста во конфликтни и постконфликтни состојби, кризни и вонредни ситуации, Министерството за одбрана презема чекори за наведената цел, и тоа:

-Во Министерството за одбрана и Армијата континуирано функционира веќе воспоставениот систем за заштита од вознемирување на вработените, со сите достапни информации од оваа област и воспоставените интерни механизми преку Упатство и Водич за заштита од вознемирување на работното место за вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.
Водичот содржи јасни пораки за нулта толеранција на вознемирување и поттикнува пријавување на вознемирување на работното место. Секој од вработените има право на заштита од вознемирување на работното место.
Во исто време, јасно и недвосмислено се охрабрува секој вработен да побара совет и помош и навремено да информира за неприфатливите форми на однесување кои претставуваат вознемирување. Водичот дава насоки секој вработен да се однесува правилно, чесно и професионално и на начин на кој се почитува достоинството, интегритетот и угледот на индивидуално и институционално ниво.
На веб страницата на Министерството за одбрана и Армијата, функционален е потпрозорецот „Стоп вознемирување", каде што вработените можат подетално да се информираат за начинот, мерките и постапките за спречување и заштита од вознемирување на работно место. На овој начин, Министерството за одбрана транспарентно им овозможува на вработените да имаат пристап до сите информации од оваа област (законската рамка за заштита од вознемирување, како и механизмите за поддршка) и да можат да го преземат образецот за пријавување и да поднесат пријава, во случај на потреба.

-Во март 2025 година, на покана од Министеротството за социјална политика, демографија и млади, координаторката за еднакви можности на жените и мажите во Министеротството за одбрана, учествуваше на работилницата на работната група во рамки на процесот на изготвување на Национална стратегија за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство 2026 – 2033 година.
Целта на работилницата беше да се утврдат приоритети кои ќе бидат интегрирани во Националната стратегија за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство 2026 – 2033 година и акцискиот план 2026-2029 година.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

**Во рамки на специфична стратешка цел 4.1**: Воспоставување сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство, беа реализирани следните активности:

-Одржана обука во Скопје за примена на Прирачник за проценка и одговор на ризиците поврзани со злоупотреба на огненото оружје во семејното насилство, како поддршка од SEESAC-Клириншка куќа за контрола на мало и лесно оружје во земјите од Западен Балкан. На обуката присуствуваа инспектори од СВР Скопје кои работат на проблематиката семејно насилство и малолетничка деликвенција, а истата имаше за цел преку примена на Прирачникот да се обезбеди дополнително зајакнување на капацитетите и вештините на инспектори кои работат во наведениот домен.

-Во октомври 2025 година во Велес се одржа работилница на основачкиот одбор за формирање на „Здружение на жени во полицијата“, како еден од начините за промоција и афирмација на родовата компонента и создавање на услови за помагање на жените во професионалниот развој. Ова здружение треба да биде иницијатор на промените преку промовирање на еднакви можности и родово сензитивни практики, правејќи го полициското работење модерно и инклузивно. Работилницата беше во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а учество земаа 7 вработени од МВР.
Целите опфаќаат: вклучување на родовата перспектива во МВР, подигнување на свеста помеѓу работниците во МВР преку едукација за родови прашања, поддршка на кариерниот развој на жените во МВР како и промоција на достигнувањата на жените во органите на спроведување на законот, зголемување на учество на жените на лидерски позиции во органите за спроведување на законот, стратегиски пристап при регрутација на жени во органите за спроведување на законот, советување и поддршка на жени во случаи на дискриминација како и подигнување на свеста за важноста за грижата за физичкото, менталното и емоционалното здравје на жените вработени во органите за спроведување на законот, како и за важноста од постигнување на рамнотежата помеѓу професионалниот и приватниот живот.

Во рамки на **специфична стратешка цел 4.2**: Превенција на родово базирано насилство и семејно насилство:

-Во организација на УНДП реализирана е работилница за родово сензитивно постапување со жртви на родово базирано насилство. На работилницата учествувале вкупно 18 претставници од Секторите за внатрешни работи и од Одделот за форензички испитувања.

-Во рамки на Секторите за внатрешни работи во соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права спроведени се еднодневни обуки за зајакнување на знаењата и практичните вештини на членовите на мултисекторските тимови кои работат на спречување, заштита и поддршка на жртвите за родово базирано и семејно насилство.

Исто така реализирани се и следните активности:
-Обука за зајакнување на пристапот на правда за жените кои претрпеле семејно насилство спроведена во декември 2025 година во Велес, во организација на Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ на која учествувале 23 вработени од МВР.
-Работилница за полициска поддршка за ефикасна превенција и одговор на сајбер криминал и родово базирано насилство и вознемирување, одржана во ноември 2025 година, онлајн. Работилницата е одржана во рамки на проектот за полициска поддршка за ефикасна превенција и одговор на сајбер криминал и родово базирано насилство и вознемирување финансиран од KNPA на Република Јужна Кореја, а учествувале 8 вработени од МВР.
-Состанок на мултисекторско тело во рамки на проект „Опсервација за фемициди-превенција и мониторинг на фемициди и обиди за фемициди во РСМ“, одржан на ноември 2025 година во Скопје. Состанокот беше организиран од Хелсиншки комитет и ОБСЕ, а учествувале двајца вработени од МВР.

Во рамки на **специфична стратешка цел 4.3**: Зголемена транспарентност во насока на превенција на родово базирано и семејно насилство:

-Во октомври 2025 година одржан е првиот состанок на Национално координативно тело за имплементација за Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство. Ова тело е формирано од Влада на Република Северна Македонија со решение број 50-5722/6 од 27.06.2025 година. МВР учествуваше со свој претставник на состанок во улога на член на Координативното тело.

-Во октомври 2025 година во МВР во рамките на Работна група за Спречување на насилство врз жените и семејното насилство одржан е работен состанок на кој е усвоен Нацрт план за превенција од насилство врз жените и семејното насилство (2025-2026), кој предвидува активности за подигање на јавната свест и јакнење на институционалните капацитети преку интер-секторска соработка кој ќе претставува рамка за постапување и планирање на активности. На состанокот договорено е до крајот на годината да се изврши мапирање на постојните материјали (прирачници и едукативен материјал), а следната година да се реализираат 4 практични работилници за полициски службеници во различни региони кои работат во областа превенција од семејно насилство.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

Во рамки на **специфичната стратешка цел 4.1**.: Заштита на лица жртви на трговија со луѓе, зајакнат е националниот механизам за упатување и заштита на жртвите на трговија со луѓе:

-Спроведена е обука за стрес менаџмент и тим билдинг со 35 лица од мобилните тимови (социјални работници, претставници на МВР и здруженија на граѓани);

-Подготвен е Извештај за спроведување на активности за трговија со луѓе, вклучително и за спроведување на програмата за работа на мобилните тимови.

**Министерство за правда-МП**

Во однос на **стратешка цел 4: Заштита, специфична стратешка цел 1.1**: Обезбедување на заштита и надоместок на жртви на кривични дела со насилство: 1.1.1. Усогласување на домашното законодавство со меѓународните стандарди за жртвите на кривични дела преку обезбедување на право на материјална и нематеријална штета од државен фонд и специфична стратешка цел 1.3.: Зајакнување на капацитетите на персоналот непосредно вклучен во имплементацијата на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви на кривични дела со насилство, 1.3.1. Подигнување на степенот на информираност на жртвите на кривични дела со насилство за Законот за исплата на паричен надоместок на дела со насилство, реализирано е следното:

Владата на РСМ на 29.07.2025 година го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисија за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство за 2024 година.

Нотирано е дека во текот на 2024 година има пристигнато вкупно 3 предмети-барања од подносители за исплата на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, Комисијата нема извршено исплата на парично побарување.

Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, изработи информативен материјал. Дополнително започната е подготовка на видео материјал и постери. Оваа активност е реализирана со финансиска поддршка на Европската унија и на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје-Република Северна Македонија.

Информациите содржани во информативниот материјал – брошури, образецот за формата и содржината на барањето за остварување на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, како и можноста за електронско поднесување на барањето за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство објавени се на веб-страницата на Комисијата, https://komisijazanadomestoknazrtvi.mk/.

Исто така, информативниот материјал (брошури) доставен е до сите засегнати страни, кои во вршењето на нивните работи стапуваат во контакт со жртви со кривични дела со насилство.

Со финансиска поддршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија изработена е веб - страница на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, која е достапна на следниот линк: https://komisijazanadomestoknazrtvi.mk/

**Специфична стратешка цел 1.2:** Анализирана и ревидирана правна рамка на одредбите кои го регулираат насилството врз жените:
Во делот на 1.2.1. Превенција на насилството врз жените преку обезбедување поефикасни правни инструменти, Владата во 2025 година го разгледа и усвои Годишниот извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2024 година.
Во делот на 1.2.2. Градење на капацитети и подигната свест за практична примена на одредбите од Истанбулската Конвенција, во март 2025 година преку Академијата за судии и јавни обвинители е спроведена обука за примена на одредбите од Истанбулската Конвенција на која присуствувале 9 судии, 11 обвинители и 1 стручен соработник.

**Министерство за здравство**

Министерството за здравство континуирано работи на унапредување на здравствените политики и програми кои придонесуваат за подобрување на здравјето на жените и за намалување на родовите здравствени нееднаквости. Во овој контекст се спроведуваат национални превентивни програми за рана детекција на малигни заболувања, вклучително и програмите за скрининг на рак на дојка, рак на грлото на матката и колоректален карцином. Овие програми претставуваат значаен инструмент за подобрување на здравствените исходи и за зајакнување на превентивниот пристап во здравствениот систем.

Дополнително, Министерството за здравство работи на унапредување на услугите во областа на репродуктивното и сексуалното здравје, како и на промоција на здрави животни стилови и здравствена едукација. Посебен акцент се става на подобрување на пристапот до здравствени услуги за жените во различни животни фази, како и на зајакнување на превентивните активности во заедницата.

Во контекст на модернизацијата на здравствениот систем, Министерството за здравство користи и дигитални алатки и здравствени информациски системи, кои овозможуваат подобро прибирање и анализа на родово разделени податоци. Овие механизми овозможуваат поефикасно следење на здравствените индикатори и поддржуваат развој на политики засновани на податоци, во согласност со европските практики во областа на управувањето со здравствени податоци.

**II.5. <u>Стратегиска цел 5 - Комуникација, образование и обука</u>** - Ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука за агендата за Жени, мир и безбедност.

**Министерство за одбрана-МО**

Во рамки на с**пецифична стратешка цел 5.1** – Зајакнување на знаење за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, евидентирани се следните позначајни активности:

-во март 2025 година по еден претставник од министеротството за одбрана и Армијата учествуваа на симпозиум на тема "Women, Peace and Security" кој се одржа во Вермонт, Соединетите Американски Држави.

Целта на симпозиумот беше подигнување на свеста за важноста од вклучување на родовата перспектива при планирањето на воените операции како и бенефитот на оперативната способност и капацитет од инкорпорирање на агендата за Жени, мир и безбедност.

-во април 2025 година, припадник од Армијата учествуваше на курсот "Utility of gender in Peace Support Operations Course" во кампот Бутмир, во Босна и Херцеговина. Целта на курсот беше да се обезбеди разбирање за примена на родовата перспектива во безбедносниот сектор и важноста од инкорпорирање на истата во операциите за поддршка на мирот, како и превенција од сексуално насилство за време на конфликт.

-во април 2025 година, две припаднички од Армијата учествуваа на работилница на тема „ Род, безбедност и мир-предизвици и приоритети со посебен фокус на родовите перспективи во безбедносниот систем", организирана од страна на Сојуз-Национален совет за родова рамноправност, што се одржа во просториите на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување. Целта на работилницата беше студентите од Институтот за безбедност, одбрана и мир и Институтот за родови студии да се запознаат со искуствата во делот на промовирање на родовата еднаквост и имплементација на родовата перспектива во министеротството за одбрана и Армијата.

-во мај 2025 година, во просториите на министеротството за надворешни работи и надворешна трговија, а во рамките на првиот Дијалог на Партнерството за соработка во

областа на безбедноста и одбраната ЕУ-МКД, членка од работната група за координација, мониторинг и евалуација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, 2020-2025 стратегиска рамка брифираше за вториот Национален акциски план, како и за спроведените активности од областа на родовата перспектива превземени од страна на министеротството за одбрана и Армијата.

-во мај 2025 година во Скопје се реализраше регионална средба на тема „Регионален состанок на механизмите за родова еднаквост во Западен Балкан: Трендови, влијанија и предизвици за унапредување на статусот на жените", а на истата учество зема заменик-координаторката за еднакви можности на жените и мажите во министеротството за одбрана. Цел на регионалната средба беше националните тела за родова еднаквост од Западен Балкан - вклучувајќи ги Косово, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора и Северна Македонија да разменат искуства за спроведувањето на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW). Фокусот беше на предизвиците и обврските што произлегуваат од Конвенцијата и идентификување на конкретни активности за вистинска промена во контекст на Политичката декларација усвоена на 69-тата сесија на Комисијата за статусот на жените - Пекинг 30+. Очекуваниот резултат беше збир на насоки за координирана акција за надминување на тековните предизвици во унапредувањето на положбата на жените низ целиот регион.

-Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во континуитет се зајакнува родовата свест преку изведување на родови обуки за персонал од Министерството за одбрана и Армијата и за таа цел во месец октомври 2025 година беше одржана родова обука за персонал во МО. Обуката беше реализирана во Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел"-Скопје и беше спроведена од страна на сертифицирани родови обучувачи од Министерството за одбрана.
На обуката учествуваа вкупно 19 лица од МО од кои 84 % беа жени а 16% мажи.
Обуката придонесе учесниците/-чките подетално да ги разберат различните улоги и потреби на жените и мажите во општество, да се стекнат со знаења од областа на родовата еднаквост, односно подигање на родовата свест како и да се запознаат со процесите на интегрирање на родовата перспектива во Министерството за одбрана, односно Армијата и запознавање и подигање на свесноста во областа на спречување и заштита од вознемирување.

-Во континуитет се реализираат родови обуки како дел од предупатните обуки за персоналот кој се упатува во меѓународни мировни мисии. Покрај досегашните стандардни теми поврзани за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325–Жени, мир и безбедност вклучена е темата „Заштита од сексуално експлоатација и злоупотреба" со цел да се подигне родовата свест и да се прошират знаењата на лицата кои се упатуваат во мировните мисии.

Министерството за одбрана со цел да оствари ефективна и сеопфатна комуникација, образование и обука во насока на имплементација на агендата за Жени, мир и безбедност, ги реализираше следните активности во рамки на с**пецифична стратешка цел 5.2**– Зајакнување на капацитетите–персоналот непосредно вклучен во имплементацијата на

Резолуцијата на ОН 1325 и вториот НАП за имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325 –Жени, мир и безбедност:

-На конференцијата "Одржливо влијание на ОН 1325–Жени, мир и безбедност и нејзините последователни резолуции" која се одржа во месец октомври во Будва-Црна Гора, учество земаа претстваници од Министерството за одбрана. На конференцијата беа присутни високи авторитети од Црна Гора, Босна и Херцеговина и Србија како и претедателката на НАТО комитетот за родова перспектива потполковник Роса Линда Лучези.

Тема на конференцијата беше имплементацијата и напредокот на родовата еднаквост на горенаведените земји. При тоа, беа елаборирани и претставени податоците за состојбата и учеството на жените во министерствата и Армиите на земјите од Западен Балкан како и имплементацијата на акциските планови.

**Специфична стратешка цел 5.3** -Инкорпорирање на родовата перспектива во програмите за образование и обука за имплементација на вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност:

-Во ноември .2025 година во Хаг, Холандија двајца претставници од Министерството за одбрана учествуваа на курс „Comprehensive Approach to Gender in Operations". Истиот се организираше во заедничка соработка на Министерствата за одбрана и Министерство за надворешни работи на Кралството Шпанија и Кралството Холандија. Активноста беше наменета за припадници на вооружените сили, полицијата и цивилни структури кои се вклучени во планирање и спроведување операции, со цел унапредување на интеграцијата на родовата перспектива во безбедносниот и одбранбениот сектор.

Целта на курсот беше зајакнување на капацитетите на учесниците за примена на агендата за Жени, мир и безбедност, преку стекнување знаења за родова анализа, интеграција на родовата перспектива во операции, процеси на реформа на безбедносниот сектор (SSR), разоружување, демобилизација и реинтеграција (DDR), како и заштита на цивилите и спречување на сексуална експлоатација и злоупотреба.

-Во организација на Центарот за безбедносна соработка-Раквиак од Загреб, Република Хрватска, а во соработка и поддршка со Нордискиот центар за родот во воени операции (NCGM), во септември 2025 година во Хрватска се реализраше две-неделна обука за родови обучувачи која што успешно ја завршија три лица од Армијата на Република Северна Македонија, при што вкупниот бројот на родови обучувачи во МО и Армијата се зголеми.

-Во 2025 година базенот на родови обучувачи од Министерството за одбрана и Армијата сочинуваат вкупно 29 (дваесет и девет) НАТО сертифицирани родови обучувачи од кои 18 (осумнаесет) се жени и 11 (единаесет) се мажи.

**Специфична стратешка цел 5.4** – Зајакнување на институционална комуникација:

-Во првиот квартал во 2025 година од страна на РГ за КМиЕ изработен е Годишен извештај за степенот на реализација на активностите во 2024 година, кој што е доставен до

Комисијата за еднакви можности при Собранието на Република Северна Македонија и до интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите при Владата на Република Северна Македонија (ИРКиСГ ЕМЖМ).
Исто така, изработен е полугодишен извештај за реализирани активности во 2025 година, односно шесто-месечно брифирање за степенот на реализација на активностите на РГ за КМиЕ, доставен до ИРКиСГ ЕМЖМ. Споменатите извештаи се објавени на веб страницата на МО.
-Членовите на РГ за КМиЕ се во редовна и континуирана комуникација и координација со претставниците од задолжените институции за имплементација на Вториот НАП.
-Редовно се ажурираат и споделуваат информации на официјалната веб страница на Министерството за одбрана, во засебните подпрозорци кои што се наведени во овој извештај, содржини од родов аспект во списанието ШТИТ кое што воедно е достапно и во електронска форма како и континуирано споделување на информации на социјалните мрежи на Министерството за одбрана и Армијата.
-Министерството за одбрана како членка на НАТО Сојузот, активно учествува во изработка на NATO Summury Gender Report на годишно ниво, а исто така дава свој допринос при изработка и ажурирање на НАТО политиките кои се од доменот на родовата еднаквост и родовата перспектив.

**Министерство за внатрешни работи-МВР**

Во рамки на **специфична стратешка цел 5.1:** Запознавање на полициските службеници со принципите на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност, преку процесот на основна и континуирана обука:

-Согласно наставната програма за основна обука за полицаец на тема „Родова еднаквост“ опфатени се прашања од Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност на Советот на Европа на ОН, на тој начин што е предвидена реализација на 4 часа во вториот модул од обуката.

**Специфична стратешка цел 5.3:** Познавање и почитување на меѓународните конвенции од областа на човековите права, од областа на меѓународното хуманитарно право и Законот за вооружен конфликт:

-Во извештајниот период склучен е и Меморандум за соработка помеѓу МВР, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство и Хелсиншкиот комитет за човекови права (бр.13.1.2-46243/1 од 24.04.2025 година). Со овој Меморандум се уредуваат меѓусебните права и обврски во врска со спроведување активности во рамки на проектот „Опсервација за фемициди: Превенција и мониторинг на фемициди и обиди за фемицид во Северна Македонија“. Главна цел е зајакнување на капацитетите за системско следење, анализа и превенција на фемицидите и обидите за фемицид во Република Северна Македонија, преку создавање на функционална платформа, опсерваторија и формирање на мултисекторско тело за следење и координација.

Воедно, одржани се и следните активности од значење за оваа специфична стратешка цел:

-Стручно усовршување-заеднички напори за градење капацитети: Граничен надзор со почитување на човекови права, одржано во септември 2025 година во Валбандон, Република Хрватска. Оваа активност била организирана од страна на МВР на Република Хрватска, а учествувале двајца вработени од МВР.

-Конференција за човекови права во полициски притвор одржана во ноември 2025 година во Тирана, Република Албанија на која учествувал еден вработен од МВР;

-Регионална тркалезна маса за следење на човековите права во операциите за враќање и управување со миграциите, која се одржала во декември 2025 година во Сараево, Босна и Херцеговина. Настанот бил во организација на Hilfswerk International, а учествувале тројца вработени од МВР;

-Јавна расправа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на тема „Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство", одржана во декември 2025 година во Скопје, во организација на Собрание на Република Северна Македонија. Учество земале тројца вработени од МВР.

**<u>ДРУГО</u>**

Во насока на подготовка на Националната стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство 2026-2033 година обезбедени се примарни квантитативни и квалитативни податоци за преземените напори на ниво на Бирото за јавна безбедност и Секторите за внатрешни работи за справување со насилството врз жените и семејното насилство.

На стратешко ниво спроведени се експертски интервјуа и обезбедени податоци во однос на планирањето, спроведувањето и следењето на политиките за превенција и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

На оперативно ниво:

-Обезбедени се статистички и квалитативни податоци од страна на сите 8 Сектори за внатрешни работи (СВР), преку пополнување на полуструктуриран прашалник во кои беа опфатени одделните аспекти од постапувањето на полицијата: превенција, истрага и кривична постапка, постапување по итна мерка за заштита и ПМЗ.

-Номинирани се 8 полициски службеници од СВР од одделенијата за компјутерски криминал кои обезбедија податоци во однос на  постапувањето на полиција во предметите поврзани со дигитално родово-базирано насилство врз жените.

-Номинирани се 40 полициски службеници (униформирана полиција и инспектори) кои зедоа учество на 7 форуми за практичари организирани во градовите Скопје, Битола, Велес, Тетово, Куманово, Струмица и Охрид. На форумите присуствуваа практичари од полицијата, ЦСР, правосудство, здравствени установи, ЕЛС, граѓански организации.

Полициските службеници обезбедија квалитативни податоци во однос на начинот на спроведување на законските надлежности и предизвиците со кои се соочуваат во секојдневното постапување во предметите поврзани со насилство врз жените и семејното насилство. Обезбедени беа и предлози за надминување на предизвиците на индивидуално ниво, како и на ниво на меѓусебна соработка со ЦСР, ОЈО, судовите и другите субјекти вклучени во системот на заштита и поддршка.
Овие активности беа реализирани во месец април и месец мај во 2025 година, а истите ги координираше Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси при Бирото за јавна безбедност.

Обезбедените податоци понатаму се интегрирани во анализата на состојбата која е составен дел од Националната стратегија, но и во стратешката рамка за стратегијата, вклучително за дефинирање на целите, резултатите и индикаторите за спроведување на стратегијата. Воедно, обезбедениот придонес од страна на Бирото за јавна безбедност ќе биде искористен и за развивањето на првиот Национален акционен план за спроведување на стратегијата за периодот 2026-2033 година.

**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија – МНРиНТ**

Во извештајниот период, преку Одделението за дипломатска едукација при МНРиНТ беа одржани обуки за стручно оспособување на вработените. На обуките учествуваа вкупно 13 лица од кои 5 беа жени.
Дополнително, од МНРиНТ на обуки во странство беа упатени 33 лица од кои 17 жени.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади-МСПДиМ**

Во рамки на **специфичната стратешка цел 5.1**.: Зајакнување на знаењето и сузбивањето на родовите стереотипи, превземени се мерки и активности за зајакнување на капацитетите на административните службеници за препознавање, спречување и заштита од дискриминација:

-Реализирани се четири регионални обуки на тема: Основна обука за препознавање и работа со жени жртви на насилство и семејно насилство преку мулти секторски пристап, за стручните лица од центрите за социјална работа со вкупен број од 107 учесници-80 жени и 27 мажи;

-Пет еднодневни обуки на тема: „Обука за мултисекторските тимови за постапување во случаи на родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство“, во осум плански региони, наменета за зајакнување на знаењата и практичните вештини на членовите на мултисекторските тимови кои работат на спречување, заштита и поддршка на жртвите од родово базирано и семејно насилство, во која учествува претставници на СВР, здравствени установи, ЦСР и невладини организации во сите плански региони. Вкупно учествуваа 85 претставници: 61 жена и 24 мажи.

-Донесен е Акциски план 2025-2026 година за еднаквост и недискриминација.

**Министерство за образование и наука-МОН**

Министерството за образование и наука за исполнување на целите предвидени во Годишниот оперативен план, ја реализираше **специфичната стратегиска цел 1.3** преку активност за унапредување на содржините на наставните програми и учебниците во основно и средно образование од аспект на еднакви можности на жените и мажите.

За реализација на оваа специфична стратегиска цел реализирани се следните активности:

-Изработка на нови наставни програми за седмо, осмо и деветто одделение.

Од страна на Педагошка служба се финализирани постапките кои се однесуваа на конкурси за ракописи за учебници за седмо одделение и прва година гимназиско средно образование, како и постапки за учебници по странски јазици за основно образование како и прва година гимназиско образование. Учебниците по сите наставни предмети (со исклучок Информатика за I година гимназиско образование и Француски за IX одделение основно образование) се обезбедени на почетокот на учебната 2025/26 година.

Обезбедувањето на наведените учебници е согласно политиката на Министерството за образование и наука.

Дополнително, во текот на втората половина од 2025 година распишани беа 12 конкурси за ракописи за учебници, од кои за 10 постапката е во тек и продолжува и во првата половина од 2026 година. Конкурсните постапки се однесуваат за учебници за осмо одделение, прва и втора година гимназиско средно образование.

Во наведениот период се објавени и три јавни повици за доставување на барање за учебници по странски јазик, овие постапки продолжуваат и во 2026 година.

Во првата половина од 2026 се очекува да се обезбедат нови учебници за осмо одделение во задолжително основно образование, како и нови учебници во втора година гимназиско образование (овде се мисли и на учебници по сите странски јазици).

Педагошка служба при спроведување на постапките нема посебни елементи кои се однесуваат на еднакви можности на жените и мажите т.е. не се детектирани проблеми во овој сегмент.

-Изработени се 3 наставни програми: Историја и општество за V одделение, Историја и општество за VI одделение и Историја за VII одделение;

-Изработени се 24 наставни програми за VIII одделение;

-Изработени се 3 наставни програми за слободни изборни предмети;

-Изработени се 9 наставни програми за основно образование во воспитно-поправните установи;

-Изработени се 9 наставни програми за основно образование на возрасни;

-Изработени се 20 наставни програми за I година гимназиско образование;

-Изработена е наставна програма по наставниот предмет Германски јазик за II година гимназиско образование;

-Изработени се 2 наставни програми по Италијански јазик за III година гимназиско образование (специјална паралелка за изучување на италијански јазик) и Италијански јазик за IV година гимназиско образование (специјална паралелка за изучување на италијански јазик);

-Изработени се 3 наставни програми по Француски јазик за II година гимназиско образование (двојазични франкофонски паралелки), Француски јазик за III година гимназиско образование (двојазични франкофонски паралелки) и Француски јазик за IV година гимназиско образование (двојазични франкофонски паралелки);

-Изработени се 19 наставни програми за II година гимназиско образование;

-Изработени се 2 наставни програма по наставниот предмет: Германски јазик за I година гимназиско образование (Експериментална настава со 4 часа неделен фонд на изучување на предметот Германски јазик Програма DSD I pro) и Германски јазик за II година гимназиско образование (Експериментална настава со 4 часа неделен фонд на изучување на предметот Германски јазик Програма DSD I pro);

Донесени се нови наставни програми за седмо одделение кои ќе се применуваат од учебна 2025/2026 година. Наставните програми се изработени на сите пет наставни јазици и истите се јавно објавени на веб страната на Бирото за развој на образование.

Изработени се и предлог нови наставни програми за осмо и деветo одделение кои ќе се применуваат сукцесивно од учебната 2026/2027 и 2027/2028 година.

Изготвени се нови наставни програми за Историја и општество за петто и шесто оддделение и нова наставна програма за Историја за седмо одделение.

Изготвена е наставна програма за еден слободен изборен предмет за петто одделение.

Изготвени се сите наставни пограми за прва година гимназиско образование. Изготвени се испитни пограми за државна и за училишна матура за Српски јазик и литература и за Италијански јазик.

Сите нови наставни програми се базираат на принципите на родова сензитивност/рамноправност, инклузивност и интеркултурност.

-Анализа на содржините на наставните програми и учебниците во основно и средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот За начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија” бр.125/2015).

Анализирани се 55 доставени учебници/ракописи за учебници за седмо одделение по наведените наставни предмети и изготвени се стручни мислења.

Анализирани се 94 доставени учебници за други одделенија по наведените наставни предмети и изготвени се стручни мислења.

Анализирани се 4 доставени учебници за изборни наставни предмети и изготвени се стручни мислења.

Анализирани се 53 доставени учебници за прва година гимназиско образование и изготвени се стручни мислења.

Анализирани се 82 доставени работни тетратки и изготвени се стручни мислења.

При анализата направена е и проценка во врска со исполнетоста на индикаторите за почитување на различностите по сите основи (врз основа на пол и род), односно родова еднаквост. Оваа проценка е направена согласно индикаторите дефинирани во методологијата за вреднување на учебник и критериумите за вреднување на работни тетратки.

-Извршена е измени на наставните програми и нови учебници.

Согласно Закон за учебници за основно и средно образование изготвени се:

-Концепција за изработка на учебник и Методологија за вреднување на учебник.

-Изготвени се критериуми за вреднување на работни тетратки по странски јазици.

-Изготвени се критериуми за вреднување на работни тетратки за сите наставни предмети.

Во наведените документи се развиени стандарди и индикатори што треба да ги исполнат учебниците во основно и средно образование и во насока на почитување на различностите по сите основи (врз основа на пол и род).

**Министерство за здравство**

Министерството за здравство, активно придонесува кон јакнење на меѓуинституционалната соработка и координација со другите институции и релевантни чинители во процесот на имплементација на националните политики за родова еднаквост. Преку овој пристап се обезбедува подобра усогласеност на здравствените политики со поширокиte стратешки цели на државата во областа на родовата еднаквост и со европските политики за здравје и социјална инклузија.

**Центар за управување со кризи-ЦУК**

Во текот на 2025 година, до МСПДМ е пратена Родова буџетска изјава за реализација на обуки за поттикнување на вработени во Центарот за управување со кризи на централно и регионално ниво за работа во Дежурните оперативни центри и Е-112. Предвидените обуки за 2025 година не се реализирани поради недостиг на средтства на буџет и истите се планирани да се реализираат во текот на 2026 година.

Во текот на 2025 година персонал од ЦУК учествуваше на следните обуки односно активности:

-„Состанок на Работната група за подготовка на Националниот акциски план за родова еднаквост 2025-2027 година“, февруари 2025 година во Ресурсен центар за родова еднакваст - Скопје во организиција на МСПДМ.

-„Обучувачи за родово одговорно буџетирање“, февруари 2025 година во Ресурсен центар за родова еднакваст, Скопје во организација на UN Women и МСПДМ.

-„Менторски сесии за поддршка на институциите во процесот на родово одговорно буџетирање“, април 2025 година во Ресурсен центар за родова еднакваст, Скопје во организиција на МСПДМ.

-„Менторски сесии за поддршка на институциите во процесот на родово одговорно буџетирање“, јуни 2025 година во Ресурсен центар за родова еднакваст, Скопје во организиција на UN Women и МСПДМ.

-„Валидација за анализата на родовиот јаз во тематската област на внатрешните работи“, септември 2025 година-онлајн, организирана во рамките на Програмата за родово одговорно управување.

-„Обележување на 25 годишнина на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и бебзедност“, октомври 2025 година во Скопје во организација на UN Women и Министерство за одбрана.

-„Родово одговорно буџетирање во случај на кризи“, декември 2025 година, Скопје, во организација на НСРР / NCGE.

-„Основи на родовата перспектива во стратешко планирање“, ноември 2025 година во Ресурсен центар за родова еднакваст, Скопје во организација на UN Women и МСПДМ.

-„Основни концепти на родовата политика“, декември 2025 година во Ресурсен центар за родова еднакваст, Скопје во организација на МСПДМ и ЦУК.

-„Вовед во следење и евалуација на родово одговорни политики“, декември 2025 година во Ресурсен центар за родова еднакваст, Скопје во организација на UN Women и МСПДМ.

**Дирекција за заштита и спасување-ДЗС**

Во рамки на стратегиска цел 5-Комуникација, образование и обука, персоналот од Дирекцијата за заштита и спасување учествуваше на повеќе семинари и обуки во земјата и странство кои што беа реализирани преку меѓународна соработка во рамките на различни проекти како и преку механизмите за заштита и мобилизација за време на сезонските пожари. Воедно, формиран е посебен тим за обуки поврзани со темата „Зголемување на учеството на жените на лидерски позиции“ како и дополнителни обуки во рамките на Резолицијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност.

Исто така, во извештајниот период беа организирани бројни активности, вежби и обуки од областа на цивилната заштита, при што посебно внимание беше посветено на обезбедување на еднаква застапеност на жените и мажите во сите активности, вклучително и во оперативниот сегмент од работењето на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Здружение на единиците на локалната самоуправа-ЗЕЛС**

Во текот на 2025 година, ЗЕЛС ги спроведе следните активности кои се поврзани со унапредување на родовата еднаквост на локално ниво и превенција и заштита на жртви на

родово-базирано насилство како дел од Оперативниот план на ЗЕЛС за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност.

Во февруари 2025 година, претставници на општини и членови на локални совети за претприемништво реализираа работилница за утврдување на наоди од спроведено испитување на општински потреби и мерки за поттикнување на женско претприемништво и следни чекори за економско јакнење на жените. Учесниците се запознаа со податоци од спроведено истражување за состојбата со политики за женско претпримеништво на локално ниво и работа на концептуализација на општински идеи за развој на женско претприемништво.

Во јуни 2025 година, се реализира обука за „Воспоставување на концепт на родово одговорни општински услуги во управувањето со отпад“ со координаторите за еднакви можности на жените и мажите од општините на Пелагониски и Југозападен регион, како и одговорните лица од јавните комунални претпријатија кои работат на подготовка на програмите за работа на претпријатието и собирање на податоците. Учесниците се запознаа со методологијата за интегрирање на родовата перспектива во комуналните услуги за управување со отпад на локално ниво, што ја изработи ЗЕЛС, во соработка со САЛАР Интернационал. На обуката учествуваа 18 лица.

Во септември 2025 година, ЗЕЛС со претставници од институции реализира седници на Националното координативно тело за недискриминација;

Во ноември 2025 година, координаторите за еднакви можности и претставници од ЈКП-а од општините на Пелагониски и Југозападен регион, реализира онлајн работилница за примена на Методологијата за интегирање на родова димензија во управувањето со отпад. Учесниците се потстетија на алатките за интегрирање на родовата димензија во управување со отпад, менторска поддршка.

## III. ЗАКЛУЧОК:

Извештајот е изработен врз основа на доставени годишни извештаи за 2025 година за реализација на активностите согласно индивидуалните оперативни планови од задолжените инстититуции и ЗЕЛС до РГ за КМиЕ.

Може да се заклучи дека во текот на 2025 година нотиран е одреден напредок, пред сè во смисла на подигање и зајакнување на родовата свест, интегрирање на жените во повеќе сегменти во општеството, градење и зацврстување на капацитетите на институциите низ призмата на родовиот аспект, но фактичката состојба бара понатамошно, зајакнато и континуирано превземање на конкретни чекори и активности во овој домен, со заедничка акција од страна на сите чинители.

## IV. ПРЕДИЗВИЦИ:

-Потреба од континуирана посветеност на институциите согласно своите надлежности и расположливи капацитети во насока на исполнување на резултатите по однос на

стратешките цели од Вториот НАП и Агендата -Жени, мир и безбедност на национално ниво;
-Неопходност од постојаност на номинираните лицата заради континуирана работа од секоја институција задолжена за имплементација на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност;
-Комплетна и навремена достава на извештаи, брифинзи и податоци за спроведените активности од страна на секоја задолжена институција до РГ на КМиЕ;
-Евалуација на имплементацијата на Вториот НАП за Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност во престојниот период, како и подготовка, односно преземање на следни чекор на нционално ниво за изработка на Трет НАП.

(нотирано од МВР)
- Реформа на регулативите за регрутирање и унапредување на жените со цел олеснување на влегувањето на жените во полицијата;

(нотирано од МОН)
-Комплексност и обемност на процесот на ревизија на наставните програми и учебниците што бара подолги временски рокови.
-Ограничени човечки и временски ресурси за истовремена анализа на поголем број наставни матерјали.
-Потреба од дополнително зајакнување на капацитетите на сите вклучени чинители за доследна примена на родово-сензитивниот пристап.

## V. ПРЕПОРАКИ:

-Почитување на предвидената динамика за имплементација на вториот НАП од страна на задолжените институции, посебно во делот на навремено доставување на извештаи, брифинзи и податоци по основ на вториот НАП, а со цел поефикасно постигнување на резултатите од оперативните планови;

-Континуирано одржување на комуникацијата и соработката на номинираните лица од институциите со РГ на КМиЕ;
-На институционално и национално ниво да се овозможи градење и зајакнување на капацитетите и компетенциите на вработените во областа на родовата еднаквост и имплементација на родовата перспектива и Агендата -Жени, мир и безбедност.
-Отворената поддршка за имплементацијата на Резолуцијата на ОН 1325-Жени, мир и безбедност од страна на авторитети на секое ниво е исклучително релевантна за зголемување на учеството на жените во процесите на донесување на одлуки, во сите сегменти во општеството како и исполнување на целите од Вториот НАП;
-Подобрување на меѓуресорска соработка во предметната област, а во насока на постигнување на резултатите согласно стратешките цели од оперативните планови, како и одржување и проширување на соработката со граѓанскиот сектор, односно невладините организации.

(нотирано од МВР)
-Да се даде приоритет на интегрирањето во националното законодавство и спроведувањето на сите одредби од Истанбулската конвенција;
-Воспоставување добри алатки за следење и евалуација;
-Промовирање на родово фер и инклузивен јазик за подобрување на еднаквоста меѓу жените и мажите;
-Воспоставување родово чувствителни јамки и/или други механизми за повратни информации што ги насочуваат податоците за приоритетите и ограничувањата на жените во процесот на реформи;
-Зголемување на квотата за жени за влез во полициските институции (најмалку за 30 %);
-Спроведување родово чувствителни кампањи за подигнување на свеста;
-Вклучување стратегиски комуникации, подигнување на свеста и споделување информации во полицијата;
-Обучување на јавните службеници за разбирање на родовите ограничувања и предизвици, со цел да се промовира поголема еднаквост и за полициските службенички и за јавните служби насочени кон жените;
-Поголема поддршка во кариерниот развој за полициските службенички коишто се мајки, со цел да се стимулира пристапот на жените до полицијата.

(нотирано од МОН)
-Континуирано стручно усовршување на членовите на комисиите и експертите за родова еднаквост во образованието;
-Навремено планирање на активностите за ревизија на наставните матерјали со јасни рокови;
-Зајакнување на меѓуинституционалната координација помеѓу МОН, БРО, ЦРСО и Педагошката Служба.

Изработиле: координаторка и членови на РГ за КМиЕ.

**КООРДИНАТОРКА на РГ за КМиЕ**
полковник Антониела Станковска-Будимир

ПРИЛОЗИ:

Прилог бр.1: Приказ на процентуална застапеност на жени и мажи по институции во 2025 година;
Прилог бр.2: Приказ на процентуална застапеност на жени и мажи на раководни позиции по институции во 2025 година;

Прилог бр.1: Приказ на процентуална застапеност на жени и мажи по институции[3] во 2025 година




[3] БЈБ- Биро за јавна безбедност како дел од Министерството за внатрешни работи и Армија-Армијата на Република Северна Македонија како дел од Министерството за одбрана се прикажани посебно (полициски службеници и активен воен персонал) согласно прикажувањето на родово разделените податоци во овие два министерства.

Прилог бр.2: Приказ на процентуална застапеност на жени и мажи на раководни позиции по институции [4] во 2025 година




[4] БЈБ- Биро за јавна безбедност како дел од Министерството за внатрешни работи и Армија-Армијата на Република Северна Македонија како дел од Министерството за одбрана се прикажани посебно (полициски службеници и активен воен персонал на позици од командир на чета и повисоко) согласно прикажувањето на родово разделените податоци во овие два министерства.